**И. З. Озерский, Е. М. Бердникова, А. Н. Хмелев, Нравственое воспитание в внеклассной работе по истории и общеѕтвеноведению,** Издательство „Просвещение" Москва 1965, 238.

Книгата ја сочинуваат петнаесет теми кои, всушност, се примери од практиката на истакнатите наставници и методичари на планот на моралното воспитување во наставата по историја, главно, во средните училишта во Советскиот Сојуз.

Составувачите на книгата, во нејзината основа ја поставиле мислата на Ленин: „Целото дело на воспитувањето, образованието и учењето на современата младина треба да биде воспитување кај неа на комунистичкиот морал. „Конкретизирајќи го ова прашање *Е. М. Бердникова*, како пример, го изнесува моралниот лик на младиот Маркс, посебно неговиот гимназиски состав „Размислување на младинецот при изборот на професијата", напишан во 1835 година. Во него е изразен стремежот на Маркс кога бил на 17 години да ја посвети својата дејност на интересите на човештвото. Авторот на статијата го изнесува познатиот факт дека блиските на Маркс мислеле тој да стане професор на Берлинскиот универзитет. Меѓутоа, Маркс избрал друг — тежок но благороден пат — пат на политички борец и револуционер. Уште како младинец, значи, тој со сета душа ја мразел неправдата и неправедниот општествен поредок, реакцијата и бруталноста на пруската државна машина. И не е случајно што како мото на својата докторска дисертација ги зел зборовите од Есхиловата трагедија „Прикованиот Прометеј":

„Знај добро оти јас не би ги заменил
Своите маки за ропското служење. . .
Мене ми е поарно да бидам закован на карпа
Одошто да бидам верен слуга на Зевса. . ."

И младоста на Ф. Енгелс има многу заеднички црти со животот на К. Маркс. Учениците се запознаваат, на пример, со училишното свидетелство на Енгелс од кое се гледа дека тој лесно ги разбирал Ливиј, Цицерон, Виргилиј и Хорациј, а ги преведувал Хомер, Еврипид и Платон. Потоа, дека Енгелс научил 24 јазици и често зборувал дека знаењето на странски јазик е орудие во животната борба. На пример, неговите лингвистички знаења многу му помогнале при организационата работа на I-та Интернационала. Натаму, со обработувањето на животот на Енгелс, учениците се запознаваат со фактот дека иако неговото школување завршило уште во 15-тата година, тој со самообразование, со тешка и упорна работа во текот на целиот живот достигнал висок степен на знаења: така уште во млади години ја напишал книгата „Положбата на работничката класа во Англија". Другиот дел од оваа тема („Големите мислители на работа") го истакнува трудот како основа на комунистичкиот морал. Од практични причини темата е разделена на одделни прашања, како на пример „Култура на умствената работа на Маркс", „Како Маркс работел над Капиталот", „Енгелс и странските јазици", понатаму, „Маркс и уметничката литература" или „Енгелс и воената вештина". Основата на обработката на овие теми биле главно спомените на Пол Лафарг, Вилхелм Липкнехт, М. Ковалевски и други. Важен дел од излагањето е за моралниот лик на Жени фон Вестфален, сопругата на Маркс. Имено, иако била родена во аристократско семејство, таа го оставила својот круг и го следела Маркса и во целост ги примила неговите идеи и му била незаменлив помошник. На тој начин, преку овој материјал на учениците Жени може да им послужи како пример на духовно-морален лик на жена, сопруга, мајка и општественица. Таа ги делела последните свои средства, за да ги заштити емигрантите што ја напуштиле Франција по задушувањето на Париската комуна. И не гледајќи на тешкотиите во животот, таа слушала лекции по природознание, се занесувала со класичната и новата литература, ја сакала музиката и побудувала љубов кај своите ќерки кон убавото.

На тој начин разработувањето на темата „*Животот на Маркс и Енгелс — извор на моралното воспитување на младежта*" од *Е. М. Верdникова*, придонесла мошне многу за моралното воспитување на учениците. Целиот овој материјал бил предвиден да се обрабо-

тува не само од учениците — членови на кружокот, туку и пред сите ученици.

Во темата „*Учениците го изучуваат револуционерното минато на својот реон*" наставницата *Л. П. Нефедјева* ни ја покажува работата на историскиот ученички актив во една од школите на Ленинград (Школа № 344), што го изучувал револуционерното минато на Невскиот реон, кој имал длабоки врски со раѓањето и постанокот на Болшевичката партија, дотолку повеќе што овде марксистичките кружоци ги раководел Ленин.

Наставничката *Л. Б. Корејша*, од Рига, го користела училишниот Ленинов музеј за вончасовна работа со учениците. Во музејот има библиотека од 600 книги многу сликовен материјал, макети, албуми и др. Учениците добиле задача преку писма да се запознаат со Лениновите музеи во 85 града во СССР и надвор од него. Овие музеи јасно го одразуваат времето во кое живеел и работел В. И. Ленин. Врз основа на тоа е изработена темата „*Идеите на Ленин живеат и победуваат*".

Во статијата на Л. Б. Шаљит (од Витебск, Школа № 11) се разгледува прашањето „*Каков треба да биде човекот на комунистичкото општество*". Се зема како пример животот на Јаков Свердлов при што се констатира оти се среќаваат младинци кои заборават оти старите луѓе со скапа цена ја платиле слободата со која денеска се користат младите. Имено, некои од нив заборавиле оти само со настојчивост, труд и голема љубов кон делото на револуционерите, се успеало да се добие она што денес е постигнато. Освен со Свердлов, од овој реферат учениците се запознале и со животот на Феликс Е. Гјержински, Н. К. Крупскаја, М. И. Калинин и другите соработници на Ленин.

*Д-р Г. Вермес* и неговата асистентка *С. Мартини* (ГДР, Лајпциг) со статијата „*Пионерите Телмановци одат по патот на нашиот знаменит водач*" не запознаваат со начинот како во Германската Демократска Република се делува на идејно-моралното воспитување во духот на револуционерните традиции, но во исто време се формира свеста и навиките за правилен однос кон работата, која треба да им стане чест и достоинство. Ернест Телман водачот на германската работничка класа и страсниот борец за комунистичкото преобразување на општеството, секој пат ќе послужи како пример на пламенен борец и морален лик на секој трудбеник од Германија и целиот свет.

Во извештајот на наставницата *Н. А. Сирејштикова* се јавува како основна цел преку екскурзиите и посетите на работничките колективи да се утврди вистината дека главна задача на советската школа е соединувањето на учењето со производната работа. *А. Ј. Корљада* во прилогот „*Воспитувањето на учениците на революционерно-патриотските традиции на својот крај*" објаснува како младите историчари го следат патот на едниот од првите револуционерни делови на Црвената армија — црвеното козаштво од Украина. *Филомафитски Б. А.* со учениците ја обработува темата за Големата татковинска војна под насловот „*Слава, чест и памет на херојското минато*". *А. И. З. Озерски* истото тоа го прави со учениците за војната против Наполеона, по повод прославата на 150-годишнината на таа војна. При тоа се приредува и изложба на слики меѓу кои на прво место доаѓаат делата на Верешчагин. Се вршат посети на историските места од војната во 1812 година. *Н. А. Колесова*, наставница од Школата № 444 од Москва, ја разработила со своите ученици темата „*Да се види животот и луѓето*". За таа цел со учениците е посетен атомскиот реактор во Дубно каде што се запознале со најновите резултати на советската наука. Тие го посетиле и свиларскиот комбинат „Шчербаков".

Во темата „*Моралното воспитување во вончасовната работа по општество*", заслужната наставница М. П. Овчиникова вели оти една од важните задачи за комунистичката изградба на новиот човек е „колку повеќе сознателни членови на општеството, толку потполно полно и пошироко ќе се развива нивната творечка активност во создавањето на материјално-техничката база на комунизмот. . ." Затоа наставата по општество во советските училишта има важна улога во формирањето на комунистичкиот морал.

Наставницата *Е. Ј. Бараљ*, која што веќе ја спомнавме во почетокот на приказот, го поставува „*Прашањето на современоста во вончасовната работа*". Таа вели: „Нашата вончасовна работа со учениците често изостанува

од животот, таа не ги следи секојдневните општествени проблеми, не е современа, и далеку сме од тоа да сме сториле сé што е потребно, како би сме формирале правилен мироглед кај учениците, ", За поврзување на современоста со животот, според неа најдобри се историските дискусии во вончасовната работа.

И најпосле, *В. М. Василева*, наставница на Школата № 132 од Ленинград, говори за тоа „*Како треба да се оствари естетското воспитување паралелно со моралното*".

Сметам дека оваа книга е мошне корисна, бидејки се базира на резултатите и искуствата на советските историчари — наставници во поглед на моралното воспитување, кои можат да послужат како поттик и на нашиот наставен кадар по историја.

*И. П. П*

**О. В. Волобуев, Г. А. Гекиринский, Художественно историческая хрестоматия средние века,** Издательство Просвещение — Москва 1965, 238.

Уметничката историска христоматија на О. В. Волобуев и Г. А. Гекирински претставува многу сериозен труд од методска и методолошка страна. Книгата опфаќа материјал од околу 238 страни. Уште во предговорот авторите укажуваат на значењето на искористувањето на уметничката литература при предавањето на историјата. Во односната уметничка историска читанка се внесени и четива со таква содржина што можат да му послужат и на наставникот при изучувањето на историјата на средните векови. Но, се разбира, овие материјали, односно текстови, првенствено треба да им послужат на учениците при учењето на соодветната епоха. Затоа, тие текстови се одбрани и според возраста на учениците.

Откако го подвлекуваат огромното значење на изучувањето на историјата во училиштето, авторите укажуваат на огромното значење на воспитната страна на историјата како наука при оформувањето на ликот на ученикот. Тие се сосема во право кога велат дека „историјата треба да претставува жива слика на минатото, а не шематско редење на фактите". Појдувајќи од таа гледна точка, оти секој наставник не е во состојба уметнички да го објасни односниот настан, за таа цел ќе му послужи уметничката литература. Но користењето на уметничката литература, според авторите, не е само „методско и методолошко прашање". Сосема е на место кога понатака историјата ја поврзуваат со литературата. Последната може многу пластично и илустративно да го прикажува животот на дадената епоха на една земја. На пример, романите на Валтер Скот или делото на Балзак — неговата „Човечка комедија" и сл. И во работите на Ленин може да се сретнат примери на користење на уметничката литература, особено во неговото дело „Развитокот на капитализмот во Русија".

Значењето на уметничката литература е во тоа што таа нé воведува во животот на поранешните поколенија и настојува да го запознае поблиску. Авторите, понатаму, ги даваат во своето образложение насоките како треба да се користи таа литература.

Според нив треба да се спазуваат три нешта: историскиот, педагошкиот и естетскиот критериум. Не е лошо секој наставник по историја да си состави картотека на фрагменти од уметнички текстови и од тој текст да се земе она што е вредно, содржајно и што ќе биде лесно усвоено од учениците. Тоа може да се сними и на магнетофонска лента.

Изборот на тие фрагменти не е лесна работа и токму затоа една историска читанка како што е оваа ќе му помогне на секој наставник по историја. Натаму се укажува и на патиштата за користењето на уметничката литература, водејќи сметка при тоа за подборот на текстот, за обработката на односниот урок. Преку таа уметничка литература учениците поблиску ќе ги запознаат и имињата како што се Жана Д'Арк, Ват Тејлор, Јан Зишка, Јан Хус и др.

Некој уметнички историски материјал може да послужи за објаснување на односната епоха. На пример, од книгата на А. Ладински „Како паднал Херсонес", или стихотворбата на Максим Рилски „Споменикот на Никола Коперник во Краков" раскажува за